**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Филозофски факултет**

Број: 02-412/6

Датум: 14.02.2024 г.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 110 и 115 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2018 и „Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), членовите 238, 239, 240 и 241 од Статутот на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" –Скопје (Универзитетски гласник бр.425/2019) и член 59, член 66, од Статутот на Филозофскиот факултет во Скопје (Универзитетски гласник бр. 463/2019 год.), како и согласно Упатството за постапка за избор на декан и постапка за избор на продекани на Филозофскиот факултет во Скопје арх. бр. 02-251/6 од 04.02.2021 година, Наставно-научниот совет на својата XXVIII редовна седница одржана на 14.II 2024 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за започнување на постапка за избор на декан на Филозофскиот факултет во Скопје

1. Се започнува постапка за избор на декан со мандатен период 2024-2027 г. на Филозофскиот факултет во Скопје (во понатамошниот текст: Факултетот), во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

2. Деканот се избира од редот на редовните и вонредните професори на факултетот, под условите утврдени со Статутот на Универзитетот и Статутот на Филозофски Факултет.

3. Постапката ќе се спроведе со тајно гласање.

4. Постапката за избор на декан на Факултетот ќе ја спроведе Изборна комисија избрана од Наставно-научниот совет на Факултетот.

5. Секој редовен и вонреден професор, има право во рок од 30 дена од денот на донесувањето на одлуката за започнување на постапката, да се кандидира за декан.

Кандидати/кандидатки доставуваат пријава и програма за работа за мандатниот период и тоа истовремено:

- преку архивата на Факултетот секој работен ден, со назнака до Изборна комисија за спроведување на постапка за избор на декан, во два примерока и

- до сите членови на Изборната комисија на службената групна меил адреса во електронска форма (потпишана со своерачен потпис и скенирана).

Пријавата која ќе биде доставена само во електронска форма нема да биде земена во предвид, ако не биде доставена и во архивата на факултетот.

6. Изборот на декан го врши Наставно-научниот совет на Факултетот, доколку се присутни две третини од вкупниот број негови членови, а за избран се смета оној кандидат кој ќе освои мнозинство гласови од гласовите на присутните.

7. Одлуката за избор на декан ја потврдува Сенатот на Универзитетот.

8. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

9. По еден примерок од одлуката да се достави на: изборна комисија, членови на ННС (по маил), огласната табла на Факултетот, веб-страната на Факултетот, Одделението за правни и општи работи (2) и архивата на Факултетот.

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Република Северна Македонија, Филозофски факултет Скопје

**ДЕКАН**
на Филозофски факултет
____________________
проф. д-р Ратко Дуев

Изработил: Ана Иванова
Одобрил: Василка Наумоска